Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 68/2

09-03-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-413 од 01.12.2021 година, покрената по службена должност од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација против [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] – Општина Центар, за сторено повикување, поттикнување, инструкција за дискриминација и вознемирување, врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување врз припадниците на албанската етничка заедница и Македонците со муслиманска вероисповед, на социјални медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), на 04.03.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ, ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување на социјални мрежи, од страна на [redacted], врз припадниците на албанската етничка заедница и Македонците со муслиманска вероисповед.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по службена должност во декември 2021 година, по забележани реакции на граѓаните на социјалните медиуми, согласно член 23 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, отвори постапка број 0801-413 од 01.12.2021 година, за сторено повикување, поттикнување, инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување на социјални медиуми, од страна на [redacted] врз припадниците на албанската етничка заедница и Македонците со муслиманска вероисповед. Од реакциите на граѓаните на социјалните медиуми беше сторено веројатно дека станува збор за сторено повикување, поттикнување, инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување, од страна на лицето [redacted] во областа на социјални медиуми, со објавување или дозволување да се објават вознемирувачки видео содржини на социјалните мрежи Facebook и YouTube, врз припадниците на албанската етничка заедница и Македонците со муслиманска вероисповед.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 06.12.2021 година испрати Известување бр. 08-413/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]. По истекот на законскиот рок за произнесување по наводите од претставката, Комисијата не доби одговор од потенцијалниот дискриминатор. Поради тоа, повторно беше испратено Известување бр. 08-68/1 на ден 28.01.2022 година, за

произнесување по наводите од претставката. Видливо од поштенската повратница, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека потенцијалниот дискриминатор 11.02.2022 бил уредно известен за испратените известувања за произнесување кон наводите од претставката против него.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, после внимателно ценење на фактите и приложените докази, утврди дека со своето постапување и изјави, лицето [redacted] врши вознемирување преку исмејување на автобуската несреќа која се случи во ноември 2021 година, во Република Бугарија. Во несреќата починаа 45 граѓани на Република Северна Македонија, од кои повеќето припадници на албанската етничка заедница и Македонци со муслиманска вероисповед.

Во горенаведените видео содржини, лицето [redacted] ти дава следните изјави:

„Слушам таму во Бугарија нешто се десило, имало некој автобус, се превртел, испогинале еден куп луѓе. И сега тука се поставува прашањето, гледам тука знамињава низ цело Скопје на пола копје, ден на жалост. Али зошто да жалиме? Кога они не се наши. Гледајќи по списокот имиња, гледаш дека тоа не се Македонци. И фактички има индикации дела мнозинството не се ни Шиптари, туку се работи за Торбеши, се работи за Македонци – муслимани, со оглед на тоа што повишето се од Студеничани. Значи тоа малце ја менува ситуацијата, меѓутоа се работи за луѓе коишто во голема мера тврдат дека се Шиптари, за да имаат рамковни бенефити, за да уживаат у позицијата малцинство у Република Македонија, иако се Македонци. Да, од исламска вероисповест, али тоа е, ете тоа се наши браќа што нашле за сходно да лажат за своето етничко потекло и да се удисаат со Шиптараната, па можеш да речеш дека може ќе им дојде сега малце паметот дека крвта не е вода, дека треба да си бидат со своето племе, со својот народ“.

Преку ваквите изјави и тврдења, лицето [redacted] сторил повикување, поттикнување, инструкција за дискриминација и вознемирување врз припадниците на албанската етничка заедница и Македонците со муслиманска вероисповед. Во моментот на изготвување на ова мислење, објавата на Facebook има над 60.000 прегледи, а видеото на социјалната мрежа YouTube има повеќе од 2700 прегледи, што говори за фактот дека двете објави допреле до широк аудиториум.

Со оглед на фактот што видеото било објавено на повеќе платформи, но и поради тоа што бил овозможен простор за коментирање на социјалните мрежи, лицето [redacted] креирал простор за ширење на говор на омраза и вознемирувачки говор врз припадниците на горенаведените заедници. На тој начин, лицето извршило прекршување на законските одредби од член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа“* и член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: *„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или*

*последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика*".

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на ова мислење. Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата по утврдена дискриминација, за отстранување на повредите на правото ја донесе следнава

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] како автор на вознемирувачката видео содржина со која се врши повикување, поттикнување, инструкција за дискриминација и вознемирување, врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување врз припадниците на албанската етничка заедница и Македонците со муслиманска вероисповед, да ја избрише видео содржината насловена „Вовед во суверенитет и меѓуетнички конфликт – Вистинска зора" од YouTube каналот „Дубоко Десничарење" и да се обрати до Facebook страната „ЛеЛе", со цел бришење на исечокот од ова видео објавен на 26 ноември 2021 година, **најдоцна во рок од 30 дена по приемот на ова мислење и препорака и за истото писмено да ја извести Комисијата**.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето [redacted] како автор на вознемирувачката видео содржина, јавно да се извини за објавувањето на вознемирувачката видео содржина во соодветни јавни гласила, **најдоцна во рок од 30 дена по приемот на ова мислење и препорака и за истото писмено да ја извести Комисијата**.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето [redacted] како автор на вознемирувачката видео содржина, во иднина да се воздржи од објавување на вознемирувачки видео содржини кои поттикнуваат, повикуваат и инструираат дискриминација во јавниот дискурс.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сѐ до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
09.03.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

[redacted]